# Предложените измени на Законот за заштита на личните податоци во контекст на вештачка интелигенција:

## КЛУЧНИ ПРАВНИ ПРАШАЊА И РИЗИЦИ

На 5 февруари 2026 година на ЕНЕР беше објавен Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци. Македонското здружение на млади правници (МЗМП) го разгледа предложениот текст и достави свои коментари до Министерството за правда.

МЗМП го поздравува стремежот за унапредување на законската рамка, особено во делот на меѓународните преноси и зајакнувањето на институционалната независност на Агенцијата за заштита на личните податоци. Истовремено, сметаме дека одредени предложени решенија, особено оние што се однесуваат на обработката на посебни категории на лични податоци во контекст на вештачката интелигенција, отвораат сериозни правни прашања, создаваат ризик од намалување на заштитата и бараат дополнително преиспитување.

> *Предложените измени овозможуваат обработка на чувствителни лични податоци без јасни правила, без мерливи стандарди и без ефективен надзор. Ова создава правна несигурност и директно ги изложува граѓаните на ризик од неконтролирана употреба на нивните податоци.*

| ПРОБЛЕМАТИЧНО | ПОТРЕБНО ПРЕЦИЗИРАЊЕ | ПОТРЕБНО ПРЕЦИЗИРАЊЕ | ПОЗИТИВНО |
|---|---|---|---|
| ВИ & лични податоци | Пренос во трети земји | Исклучок за судовите | Независност на Агенцијата |

## ГЛАВЕН ПРОБЛЕМ

### Вештачка интелигенција и чувствителни лични податоци

Предлог-законот воведува нова правна основа за обработка на „посебните категории“ лични податоци — здравствени, биометриски, расни, политички и слични — во контекст на развој и работење на системи за вештачка интелигенција. Ова значи дека граѓаните може да немаат јасна контрола врз тоа како нивните најчувствителни податоци се користат во ваквите системи.

Проблемот не е само во тоа ***што*** се предлага, туку и ***како***: клучните поими не се дефинирани, заштитните мерки не се мерливи, а надзорот е во голема мера практично неизводлив. Дополнително, измените се темелат на европски предлози (*Digital Omnibus*) кои сè уште не се усвоени и веќе се соочуваат со сериозни критики. Тие создаваат ризик од проширување на обработката на чувствителните податоци без соодветни гаранции.

**1 Широка и нејасна норма**
Обработката се врзува за „развојот и работењето“ на системи за вештачка интелигенција, без јасно дефинирани услови и без разграничување помеѓу преостаната и намерна обработка на чувствителни податоци, што создава простор за **прешироки примена**.

**3 Технолошка привилегија**
Поврзувањето на обработката на чувствителни податоци со користење на системи за вештачка интелигенција отвора прашање дали ваквата обработка се оценува според технологијата што се користи, наместо според **природата и ризиците** на самата обработка.

**5 Правна основа без тест за балансирање**
Легитимниот интерес се повикува **формално**, без експлицитно упатување на обврската за спроведување на тестот за балансирање и без обврска за конкретна проценка дали интересот на контролорот преовладува над правата и слободите на субјектот на лични податоци.

**4 Надзор со ограничена практична изводливост**
Агенцијата **нема реална можност** да провери дали критериуми како „несразмерен напор“ се навистина исполнети, особено кога компаниите се повикуваат на деловна доверливост.

АНАЛИЗА И ПРЕПОРАКИ

# Другите измени: напредок со отворени прашања

ТЕМА 2:

### Пренос на лични податоци во трети земји

Воведувањето на обврска за претходна проценка и системот на одлуки за соодветност претставуваат позитивен чекор кон усогласување со европската правна рамка. Прифаќањето на одлуките на Европската комисија е практично оправдано.  Сепак, не е јасно дали проценката се применува на сите преноси или само на оние со висок ризик.

**Ова создава правна несигурност и ризик од нееднаква примена.**

ЗАДРЖИ + ПРЕЦИЗИРАЈ

ТЕМА 3:

### Обработка на лични податоци од страна на судовите

Исклучокот за судовите при вршење на судската функција е во согласност со европските стандарди за заштита на независноста на судството. Сепак, формулацијата „кога постапуваат во рамките на нивните надлежности“ е преширока и овозможува примена и надвор од судската функција.

**Ова остава простор исклучокот да се примени и во административните и организациските активности на судовите.**

ЗАДРЖИ + ПРЕЦИЗИРАЈ

ТЕМА 4:

### Агенција за заштита на личните податоци

Зголемената автономија во управувањето со човечките ресурси и финансиското планирање претставува позитивен развој, во согласност со европските стандарди за независни надзорни тела. Сепак, потребно е дополнително прецизирање на критериумите за вработување и наградување.

**Без јасни правила, постои ризик од дискреционо одлучување и неконзистентна примена.**

ЗАДРЖИ + ПРЕЦИЗИРАЈ

КОНКРЕТНИ БАРАЊА НА МЗМП

## Четири препораки за законодавецот

ПРЕПОРАКА 01 - ***ПОВЛЕЧИ***

### Одредбите за ВИ и посебни категории лични податоци

Да се повлечат и дополнително анализираат, со јасно дефинирање на клучните поими, утврдување на проверливи заштитни стандарди и усогласување со поширока регулаторна рамка за вештачка интелигенција.

ПРЕПОРАКА 02 - ***ЗАДРЖИ И ПРЕЦИЗИРАЈ***

### Пренос на лични податоци во трети земји

Да се задржат предложените решенија, со дополнително прецизирање на обемот и видот на проценката, како и со утврдување на јасни критериуми за донесување, менување и суспендирање на одлуките за соодветност.

ПРЕПОРАКА 03 - ***ЗАДРЖИ И ПРЕЦИЗИРАЈ***

### Исклучок за судовите при вршење на судската функција

Да се прецизира дека исклучокот се однесува исклучиво на обработката на лични податоци во рамки на судската функција, а не на административните или организациските активности на судовите.

ПРЕПОРАКА 02 - ***ЗАДРЖИ И ПРЕЦИЗИРАЈ***

### Автономија на Агенцијата за заштита на личните податоци

Да се задржат предложените решенија, со дополнително прецизирање на критериумите за наградување и вработување, со цел да се обезбеди поголема транспарентност и конзистентност во нивната примена.

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ЗА КОИ СЕ ЗАЛАГАМЕ

**ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ**
Ограничувањата мора да  бидат неопходни и сразмерни

**ПРОВЕРЛИВОСТ**
Заштитните мерки мора да  бидат мерливи и спроведливи

**ТЕХНОЛОШКА НЕУТРАЛНОСТ**
Правото не смее да привилегира одредена технологија

**ПРАВНА СИГУРНОСТ**
Граѓаните мора да ги знаат своите права и обврски

**ИНКЛУЗИВНОСТ**
Законодавниот процес мора да вклучи стручна дебата